*Предлог - внатрешно упатство*
*DIKLOFENAK DUO / ДИКЛОФЕНАК ДУО*
*DIKLOFENAK DUO Plus/ ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус*

**DIKLOFENAK DUO / ДИКЛОФЕНАК ДУО**

капсули со модифицирано ослободување од 75 mg

**DIKLOFENAK DUO Plus / ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус**

капсули со модифицирано ослободување од 100 mg

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите*

*Активна супстанца* во капсулите со модифицирано ослободување ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус е диклофенак натриум.
Една капсула со модифицирано ослободување ДИКЛОФЕНАК ДУО од 75 mg содржи 25 mg диклофенак натриум во форма на гастрорезистентни пелети и 50 mg диклофенак натриум во форма на пелети со продолжено ослободување.
Една капсула со модифицирано ослободување ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус од 100 mg содржи 25 mg диклофенак натриум во форма на гастрорезистентни пелети и 75 mg диклофенак натриум во форма на пелети со продолжено ослободување.
*Помошни супстанци:* неутрални пелети, колоиден силициум диоксид, повидон, хидроксипропилметил целулоза фталат, стеаринска киселина, талк, дибутил фталат, амино метакрилатен кополимер тип Б, амино метакрилатен кополимер тип А, етил целулоза, цетил алкохол, титан диоксид.

| *Пакувања:* | *Број и датум на решението за промет* |
|---|---|
| Кутија со 30 капсули ДИКЛОФЕНАК ДУО од 75 mg (3 блистера) | 15-10150/07 12.07.2007 |
| Кутија со 20 капсули ДИКЛОФЕНАК ДУО од 75 mg (2 блистера) | |
| Кутија со 30 капсули ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус од 100 mg (3 блистера) | 15-10149/07 12.07.2007 |
| Кутија со 20 капсули ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус од 100 mg (2 блистера) | |

**Име и адреса на производителот и носител на одобрение за ставање во промет:**

АД ЈАКА 80 Радовиш
Република Македонија

во соработка со
Zim Laboratories Ltd., India

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**1. Што претставуваат лековите ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус и за што се употребуваат**

ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО ПЛУС капсулите со модифицирано ослободување содржат диклофенак, кој што припаѓа на групата лекови наречени нестероидни анти-инфламаторни лекови (НСАИЛ). Тој се употребува за олеснување на болката и воспалението кај:

- акутни мускуло-скелетни пореметувања како што се шинувања, изместувања и воспаленија на зглобови, истегнување на мускули, скршеници,
- ортопедски, дентални и други помали хируршки зафати,
- пореметувања на зглобовите од типот на анкилозирачки спондилитис,ревматоиден артритис, остеоартритис,
- болки во долниот дел од грбот.

Гастрорезистентните пелети содржани во капсулата, го ослободуваат диклофенак брзо со што и ефектот настапува брзо. Остатокот од лекот е во форма на пелети со продолжено ослободување. Овие пелети го ослободуваат лекот поспоро со што овозможуваат долготраен ефект.

**2. Што треба да знаете пред да го земете лекот ДИКЛОФЕНАК ДУО или ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус**

**Немојте да го земате лекот ДИКЛОФЕНАК ДУО или ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус:**

- ако сте алергични на диклофенак, аспирин, ибупрофен или на некој друг нестероиден анти-инфламаторен лек, или на некоја од помошните супстанци наведени во ова упатство,
- ако имате активен чир на желудникот или чир на дванаестпалачното црево, ако мислите дека имате (советувајте се со вашиот доктор) или ако во минатото сте имале на повеќе наврати,
- ако имате активно крвавење од органите за варење (црна како кафе столица, повраќање крвава содржина) или пак имате историја на повторување на овие крварења на неколку наврати,
- ако во скоро време сте имале мозочно крварење (мозочен удар) или некое друго активно крварење,
- ако имате нарушена функција на коскената срж или пореметувања на самата крв,
- ако имате астма или сте имале астматичен напад предизвикан од земање на некој друг нестероиден анти-инфламаторен лек,
- ако боледувате од тешка цироза на црниот дроб,
- ако имате тешка конгестивна срцева слабост,
- ако имате тешко оштетување на бубрезите,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

*Предлог - внатрешно упатство*
*DIKLOFENAK DUO / ДИКЛОФЕНАК ДУО*
*DIKLOFENAK DUO Plus/ ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус*

ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус капсулите со модифицирано ослободување не се даваат на деца под 14 години возраст.

**Бидете посебно внимателни со лековите ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус:**

- ако некогаш сте имале чир на желудникот или на дуоденумот,
- ако некогаш сте повратиле крв,
- ако некогаш сте имале црна како кафе столица,
- ако боледувате од Morbus Crohn или улцеративен колит (воспалителни заболувања на цревата со крварења),
- ако боледувате од некое пореметување на процесот на згрутчување на крвта,
- ако се опоравувате од некој хируршки зафат,
- ако земате други лекови (погледнете во поглавието **Земање на други лекови**).

Доколку лекот е наменет за постари пациент неопходен е константен надзор и контрола на дозирањето и несаканите ефекти..

Ве молиме да се посоветувате со доктор и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.

**Земање на лекот со храна или со пијалок**
Консултирајте се со Вашиот доктор за начинот на земање на лекот. ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус капсулите со модифицирано ослободување најдобро е да ги земате веднаш пред јадење. Земањето на лекот секој ден во исто време може да ви помогне да не заборавите да ја земете дозата.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Пациенти кај кои се јавува вртоглавица или зашеметеност за време на терапијата со НСАИЛ треба да избегнуваат возење и ракување со машини.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Земање на други лекови (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**

*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние препарати кои што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*
Особено е важно ако истовремено земате:

- *антикоагуланси* (лекови кои ја намалуваат коагулацијата на крвта, пр. аценокумарол)
- *антидијабетици* (лекови за регулација на крвниот шеќер)
- *циклоспорин,*
- *дигоксин,*
- *диуретици* ( лекови за измокрување),
- *лекови за притисок*
- *литиум,*
- *метотрексат,*
- *други лекови за болка и воспаление* (нестероидни анти-инфламаторни лекови, пр. ибупрофен, кетопрофен, напроксен),

**3. Како да се зема лекот**

*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со доктор.*

Вообичаената доза е една капсула еднаш или два пати дневно. Важно е втората доза да се земе 8 до 12 часа по првата. Максималната дозволена доза во 24 часа не треба да надмине 150 mg - 200 mg (2 капсули ДИКЛОФЕНАК ДУО или ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус).

ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус капсулите со модифицирано ослободување се голтаат цели со доволно течност (околу половина чаша вода). Не ги цвакајте или отварајте капсулите.

*Следете ги инструкциите освен ако Вашиот доктор не ви препорачал поинаку.*
*Не заборавајте да го земете лекот.*
*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба (предозирање):**
*Ако сте земале/употребиле поголема доза од лекот отколку што треба веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да го земете лекот ДИКЛОФЕНАК ДУО или ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус:**
- Земете ја пропуштената доза колку што е можно побрзо.
- Ако е речиси дојдено времето за земање на следната доза, почекајте додека да дојде времето за истата и земете ја, а прескокнете ја пропуштената доза.
- Немојте да земате две дози во исто време.

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус може да имаат несакани дејства.*

*Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со земањето на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- Отекување на лице, усни, јазик или грло,
- Тешкотии при голтањето или дишењето, свиреж при дишењето,
- Исип/ егзантема, јадеж

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Ако се појават кај Вас, тоа покажува многу сериозна алергиска реакција на лекот. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.
Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Ако забележите некои од следниве симптоми, веднаш известете го вашиот доктор веднаш или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*

- висок крвен притисок,
- болка во градите со ширење кон левата рака и препотување
- повраќање крвава содржина, црна како кафе столица,
- силна константна болка во стомакот,
- жолтица, болка во десната страна од стомакот под ребрата,
- промени во количеството или бојата на урината,
- пореметувања во однесувањето,
- тресење на рацете,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Сите овие се сериозни несакани дејства, за кои е потребна итна медицинска помош.
Сериозните несакани дејства се ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- гадење,
- повраќање,
- пролив,
- главоболка,
- вртоглавица,
- зашеметеност,
- замор,
- пореметувања во видот и слухот,
- отоци,

Сите овие се слаби несакани дејства на ДИКЛОФЕНАК ДУО и ДИКЛОФЕНАК ДУО Плус.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на лекот**

**Да се чува на температура до 25°C, заштитено од светлина.**

**ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦАТА!**

**Рок на употреба**
3 години
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и на блистерот.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека врз основа на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено на 12.07.2007 г.*

Скопје, октомври, 2007 г.